19-2584/8
20.12 7

Трговско друштво за промет и услуги
АСКОМ
Александар и Горан ДОО експорт-импорт
Бр. 01-0302/44
22.12. /17 год.
Скопје

**ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ**
**по спроведена постапка БПП-О дел.бр.19-2584/2017**
склучен на ден __.12.2017 г. помеѓу следните

**I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**А) Општина Крива Паланка**
**ул. „ Св.Јоаким Осоговски “ бр.175 Крива Паланка**
застапувана од **Градоначалникот Борјанчо Мицевски**
(во понатамошниот текст **договорен орган**) од една страна , и
**Б) АСКОМ ДОО бул.АВНОЈ 70/52 1000 Скопје**
(назив, адреса, седиште и држава на економскиот оператор) застапуван од Горан Алексовски
(во понатамошниот текст Носител на набавката – **економски оператор)** од друга страна

**II. ДЕФИНИЦИИ**

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:
1)„Договорен орган“- е субјект дефиниран во член 4 од ЗЈН.
2)„Економски оператор“ – е носител на набавката:домашно или странско правно или физичко лице дефиниран во член 3 став 1 точка 13 од ЗЈН.
3) „Стоки “ се артикли потребни за потребите на општина Крива Паланка , согласно техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација.
4) „Договорна цена“ е цената која ја побарува економскиот оператор, согласно понудбената документација - како што е утврдено во овој Договор.
5) „Испорака“ значи предавање на предметот на набавката од страна на економскиот оператор на договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договор, на начин на кој договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките.

**III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Предмет на овој Договор е јавна набавка на следните стоки : Набавка на ТОНЕРИ за потребите на Општина Крива Паланка согласно техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација на јавната набавка спроведена со Барање за прибирање на понуди со огласување , заведена под дел.бр. 19-2584/2017.

**IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**

**Член 3**

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

**V. КОЛИЧИНА НА СТОКИТЕ**

**Член 4**

Стоките од член 2 кои се предмет на овој договор ќе бидат испорачувани во количина според барањата на договорниот орган , сукцесивно како се пројавуваат потребите на општина Крива Паланка, а согласно техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација и согласно понудбената документација на јавната набавка БПП-О заведена под дел.бр.19-2584/2017.

**VI. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 5**

Цената на предметот на јавната набавка – стоките од член 2 на овој договор е утврдена рамковно, согласно понудбената документација и тоа :

| 1 | 2 | 3 | 4 | 7 |
|---|---|---|---|---|
| Назив | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Единечна цена со ДДВ ДДВ |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Samsung CLP325 color или еквивалентно color боја | Парче | 1 | 1.248,00 | 1.472,64 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Samsung ML 2010PR или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 825,60 | 974,21 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Samsung 1665ML или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 729,60 | 860,93 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Samsung SCX 5530 FN или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 1.286,40 | 1.517,95 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Samsung SCX 4300 или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 537,60 | 634,37 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Samsung SCX 4521F или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 883,20 | 1.042,18 |
| ригинален или компатибилен (нерепариран, абрички полнет) тонер за HP LaserJet 1200 ли еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 729,60 | 860,93 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за HP Laser Jet P1102 ли еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 422,40 | 498,43 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за HP LaserJet 1018 ли еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 422,40 | 498,43 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за HP LaserJet 1010 ли еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 422,40 | 498,43 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за HP LaserJet 1300 ли еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 441,60 | 521,09 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за HP LaserJet 1005 ли еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 422,40 | 498,43 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за HP LaserJet 1020 ли еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 422,40 | 498,43 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Lexmark E120 или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 940,80 | 1.110,14 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Lexmark MX310dn или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 2.150,40 | 2.537,47 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Canon MF411d или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 672,00 | 792,96 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Canon LBP 810 или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 710,40 | 838,27 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Canon MF216N или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 422,40 | 498,43 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Canon IR2225i color или еквивалентно color боја | Парче | 1 | 2.880,00 | 3.398,40 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Toshiba eStudio166 или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 1.708,80 | 2.016,38 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Toshiba eStudio 18 или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 2.035,20 | 2.401,54 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Toshiba eStudio182 или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 1.440,00 | 1.699,20 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Toshiba eStudio 181 или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 1.440,00 | 1.699,20 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Xerox Phaser 3150 или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 1.747,20 | 2.061,70 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Dell 1710n или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 1.017,60 | 1.200,77 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Brother HL 1112E или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 576,00 | 679,68 |
| Оригинален или компатибилен (нерепариран, фабрички полнет) тонер за Ricoh Aficio 2016 или еквивалентно црна боја | Парче | 1 | 768,00 | 906,24 |

Вкупната цена на јавната набавка без засметан Данокот на додадена вредност , не смее да изнесува повеќе од **300.000,00 (триста илјади ) денари без ДДВ** односно **со засметан ДДВ 354.000,00(триста пеест и четири илјади) денари.**

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКАТА

**Член 6**

Економскиот оператор е должен испораката на стоките да ја врши по склучување на овој Договор , до место кое ќе го одреди договорниот орган , односно до просториите на Општина Крива Паланка.

Испораката на стоките се смета за извршена со предавањето на истите на овластеното лице на Договорниот орган – Раководителот на одделението за јавни работи и со доставување на испратница заверена / потпишана од страна на овластените лица на Договорниот орган и Економскиот оператор

## VIII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на добавувачот да го врши **во рок од 30 (триесет ) дена** , од испораката на стоката и издавањето на фактурата.

Фактурата ќе биде потпишана од овластеното лице на Договорниот орган (Раководителот на одделението за јавни работи) и овластеното лице на Економскиот оператор.

**Член 8**

Плаќањето ќе биде извршено од Буџетот на Општина Крива Паланка.

## IX. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 9**

Квалитативен и квантитативен прием на стоката од член 2 од овој договор врши Договорниот орган преку овластеното лице – Раководителот на одделението за јавни работи, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаните стоки.

**Член 10**

Економскиот оператор е должен да достави потврда, атест, сертификат за квалитетот и оригиналноста на стоките што ќе ги испорачува според вообичаените стандарди за квалитет .

Договорниот орган може да изврши дополнителна контрола и гаранција на квалитетот со спроведување на дополнителни независни испитувања и контроли за квалитет кај овластена институција.

Гарантен рок на стоките изнесува 1 година.

## X. ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 11**

Материјален недостаток постои:

- ако стоката ги нема потребните својства за негова редовна употреба или за промет;
- ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува набавувачот, а која му била позната на добавувачот или морала да му биде позната,
- ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречено договорени, односно пропишани, и
- кога добавувачот предал стока кој не е соодветна на техничките спецификации прифатени од негова страна.

**Член 12**

Договорниот орган е должен примената стока на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести Економскиот оператор во рок од осум дена.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, Договорниот орган е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Економскиот оператор веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

**Член 13**

Кога по приемот на стоката од страна на Договорниот орган ќе се покаже дека стоката има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениотпреглед при преземањето на стоката (скриен недостаток), Договорниот орган е должен, за тој недостаток да го извести Економскиот оператор во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

**XI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 14**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена , евентуалниот спор ќе го решава надлежниот суд во Крива Паланка.

**XIII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 15**

Овој договор е склучен со времетраење од една година или до искористување на сумата .

**XII.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 16**

Кога една од договорните страни нема даја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

**XIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 17**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

**XIV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 18**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс – Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

**Член 19**

Овој Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои по 4 (четири) за Договорниот орган и 2 (два) за Економскиот оператор.

***ДОГОВОРЕН ОРГАН***

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

***ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР***

**АСКОМ ДОО Скопје**
**Управител**
**Горан Алексовски**